# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА 2020 ГОДИНА

## ОД ИЗВРШЕНА АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИ ОД ГРАЃАНСКИОТ ОДДЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

Основниот суд Кавадарци во 2020 година, согласно организацијата и надлежноста на судовите, согласно Законот за судовите Сл. Весник на Р.М. број 58/2006; 35/2008; 150/10, 83/18 и 198/18, 98/19 како месно надлежен постапуваше по предмети за подрачјето на Кавадарци и Росоман, а согласно чл.31 ст.1 од Законот за судови постапуваше како стварно надлежен основен суд со проширена надлежност и за подрачјето на Основен суд Неготино.

Основен суд Кавадарци во текот на 2020 година како стварно надлежен суд покрај што одлучуваше за предмети во прв степен за кои е предвидена основна надлежност согласно чл.30 од Законот за судови и тоа за кривични предмети, прекршочни и граѓански предмети , одлучуваше и како стварно надлежен основен суд со проширена надлежност согласно чл.31ст.1 и став 3 од Законот за судови.

**Граѓански оддел на Основен суд Кавадарци**

Гаѓански предмети по кои постапува Основниот суд Кавадарци во 2020 година се:

-Спорови од мала вредност заведени во уписник Малв.П
-Имотни спорови заведени во уписниците:П, П1,П3
-Семејни спорови заведени во уписник П2
-Работни спорови заведени во уписник РО
-Облигациони спорови заведени во уписник П4
-Клевета и навреда заведени во уписник П5
-Платни налози по приговор заведени во уписник Пл

Стопански предмети по кои постапува Основен суд Кавадарци во 2020 година се:

-Имотни спорови по уписник ТС
-Облигациони спорови по уписник ТС1
-Спорови од мала вредност заведени по уписник МАЛВТС-
-Стечајни спорови по уписник СТ

Платни налози по приговор по уписник ПЛ1-ТС,МАЛВ ПЛ1-ТС,ПЛ1-П, МАЛВ ПЛ1

вонпарнични предмети :

Предмети од областа на семејното насилство по уписник ВПП2

**1.Спорови од мала вредност (Малв.П)**

На почетокот на 2020 година како нерешени предмети од мала вредност се вкупно 46 предмети .

Во текот на 2020 година примени се во работа вкупно 117 предмети од мала вредност од кои:

-долг- 66 предмети

-надомест на штета -49 предмети

-стекнување без основ - 2 предмети

Вкупно во работа во текот на 2020 година по сите основи биле 163 предмети.

Од вкупно 163 предмети решени се вкупно 109 предмети а останале нерешени на крајот од 2020 година вкупно 54 предмети .

**2.Имотни спорови ( П1, П3)**

На почетокот на 2020 година како нерешени имотни спорови биле вкупно 32 предмети .

Во текот на 2020 година се примени во работа вкупно 35 предмети по следните основи:

-утврдување на побарување – 3 предмети

-утврдување на право на сопственост-15 предмети

-вознемирување на сопственост- 4 предмети

-предавање во владение-2 предмети

-службеност-2 предмети

-смеќавање и одземање на владение-1 предмети

-други видови на имотни односи-2 предмети

-утврдување на имот стекнат во брак – 4 предмети

-иселување од станбен простор-2

Вкупно во работа во текот на 2020 година по сите основи од имотните спорови биле 67 предмети.Од вкупно 67 предмети решени се вкупно 44 предмети, а останале нерешени на крајот од 2020 година вкупно 23 предмети .

**3.Семејни спорови (П2)**

На почетокот на 2020 година како нерешени семејни спорови биле вкупно 25 предмети.

Во текот на 2020 година се примени во работа вкупно 75 предмети од семејни спорови од кои:

-развод на брак - 62 предмети

-издржување на деца -7 предмети

-измена на одлука за доделување на деца -6 предмет

Вкупно во работа во текот на 200 година по сите основи од семејните спорови биле 100 предмети.Од вкупно 100 предмети решени се вкупно 74 предмети, а останале нерешени на крајот од 2020 година вкупно 26 предмети .

**4.Облигациони спорови(П4)**

На почетокот на 2020 година како нерешени облигациони спорови биле вкупно: 20 предмети .

Во текот на 2020 година примени во работа се вкупно 16 предмети по следните основи:

-раскинување на договор-3 предмети
-враќање заем-1 предмет
-утврдување на ништовност на договор- 1 предмет
-побивање ан должникови правни дејствија-1 предмет
-стекнување без основ-1 предмет
-надомест на штета -5 предмети
-исполнување на договор-1 предмет
-долг-2 предмети
-други видови облигации-2

Вкупно во работа во текот на 2020 година по сите основи од облигационите спорови биле 36 предмети.Од вкупно 36 предмети решени се вкупно 21 предмети, а останале нерешени на крајот од 2020 година вкупно 15 предмети .

**5.Клевета и навреда(П5)**

На почетокот на 2020 година нема нерешени предмети за навреда и клевета..

Во текот на 2020 година примени се 7 предмети за клевета и навреда.

Вкупно во работа во 2020 година биле 7 предмети од клевета и навреда. Од вкупно 7 предмети во работа, решени се 6 предмети, а останал нерешени 1 предмет.

**6.Работни спорови (РО)**

На почетокот на 2020 година како нерешени работни спорови биле вкупно 11 предмети .

Во текот на 2020 година примени се во работа вкупно 96 предмети по следните основи:

-надоместоци од работен однос- 79 предмети
-поништување на одлука- 3 предмети
-исплата на плати- 2 предмет
-плаќање придонеси за фонд за ПИОМ-3 предмети
-испратнина-1 предмет
-тужба против работодавец поради кршење на договор-1 предмет
-откажување на договор за вработените- 3 предмети

Вкупно во работа во текот на 2020 година по сите основи од работните спорови биле вкупно 107 предмети.Од вкупно 107 предмети решени се вкупно 44 предмети, а останале нерешени на крајот од 2020 година вкупно 63 предмети .

Во 2020 година поднесени жалби против граѓански предмети се вкупно 106 од кои :

во спорови од мала вредност обжалени 32 предмети
во спорови од работни спорови обжалени 29 предмети
во спорови од имотни спорови обжалени 23 предмети
во спорови од семејни спорови обжалени 5 предмети
во спорови од облигациони спорови 11 предмети
во спорови за клевета и навреда обжалени 6 предмети

Во 2020 година вратени предмети по жалба-одлучени со второстепена одлука се вкупно 106 предмети од кои 87 предмети се целосно потврдени, 1 предмет е делумно потврден, 3 предмети се преиначени, 7 предмети се укинати ,5 предмети одлучени по решенија за трошоци а делумно укинати 3 предмети..

**Сумарен преглед на движење на граѓанските предмети за периодот јануари-Декември 2020 година**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ*** ***ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ*** | **Нерешени предмети на почетокот на 2020 година** | Ново примени предмети во текот на 2020 година | Вкупно предмети во работа во 2020 година | Вкупно решени предмет и во 2020 година | Нерешени предмети | Обжалени предмети во 2020 година | Вратени предмети по жалба -одлучени со второстепена пресуда во 2020 година |
| Спорови од мала вредност (Малв.П) | 46 | 117 | 163 | 109 | 54 | 32 | 37 |
| Имотни спорови (П, П1,П3) | 32 | 35 | 67 | 44 | 23 | 23 | 28 |
| Смејни спорови (П2) | 25 | 75 | 100 | 74 | 26 | 5 | 5 |
| Работни спорови (РО) | 11 | 96 | 107 | 44 | 63 | 29 | 20 |
| Облигациони спорови (П4) | 20 | 16 | 36 | 21 | 15 | 11 | 14 |
| Клевета и Навреда (П5) | - | 7 | 7 | 6 | 1 | 6 | 2 |
| ***ВКУПНО*** | 134 | 346 | 480 | 298 | 182 | 106 | 106 |

Согласно изготевента табела на движење на предметите се забележува дека во текот 2020 година најголем прилив на предмети кои биле во работа се споровите од мала вредност. Како спорови од мала вредност во смисла на одредбите на Законот за парнична постапка се спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од 600.000 денари. Како спорови од мала вредност се сметаат и споровите во кои тужбеното барање не се однесува на побарување во пари, а тужителот во тужбата навел дека се согласува наместо исполнување на определено барање да прими определен паричен износ кој не го преминува износот до 600.000,00 денари и како спорови од мала вредност се сметаат и споровите во кој предмет на тужбеното барање не е паричен износ, туку предавање на подвижен предмет чија вредност што тужителот во тужбата ја навел не го надминува износот од 600.000,00 денари.

Во Основен суд Кавадарци во спорови од мала вредност заведени по поднесени тужби спаѓаат граѓански предмети оформени по основ на: долг, надомест на штета и стекнување без основ.

**Стопански предмети по кои постапува Основен суд Кавадарци:**

**1. Имотни спорови(ТС)-**На почетокот на 2020 година нема нерешени предмети со оглед на тоа што Основен суд Кавадарци како суд со проширена надлежност започна да работи во почетокот на 2020 година .
Во текот на 2020 година примени се 7 предмети , вкупно во работа биле 7 предмети од кои решени се 4 предмети, а останале нерешени 3 предмети.
Во текот на 2020 година поднесени жалби се во 3 предмети, Вратени предмети по жалби-одлучени предмети со второстепени одлуки во 2020 година има во 3 предмети и тоа 2 предмети потврдени и 1 предмет укинат .

**2.Облигациони спорови(ТС1)-**На почетокот на 2020 година нема нерешени предмети. Во текот на 2020 годината примени се 9 предмети , вкупно во работа биле 9 предмети од кои решени се 5 предмети, а останале нерешени 4 предмети.
Во текот на 2020 година поднесени жалби се во 4 предмети, Вратени предмети по жалби-одлучени предмети со второстепени одлуки во 2020 година нема.

**3. Спорови од мала вредност(МАЛВТС)-** На почетокот на 2020 година нема нерешени предмети. Во текот на 2020 година примени се 6 предмети , вкупно во работа биле 6 предмети од кои решени се 3 предмети. На крајот на 2020 година останале 3 нерешени предмети.
Во 2020 година нема поднесени жалби .

На почетокот на 2020 годината по уписниците ТС, ТС1 и МАЛВ ТС, немало нерешени предмети , во текот на 2020 година примени се во работа вкупно 22 предмети, вкупно во работа биле 22 предмети од кои решени се 12 предмети, а останале нерешени 10 предмети.

**4. Стечајни предмети СТ-** На почетокот на 2020 година нема предмети, во текот на годината примени се 30 предмети , вкупно во работа биле 30 предмети од кои решени во 2020 година се вкупно 16 предмети, а на крајот на 2020 година останале нерешени 14 предмети.

**<u>ПЛАТНИ НАЛОЗИ ПО ПРИГОВОР</u>**

**1.ПЛ1-ТС-** На почетокот на 2020 година нема нерешени предмети. Во текот на 2020 година примени се 31 предмет. Вкупно во работа биле 31 предмети од кои решени во текот на 2020 година се вкупно 20 предмети, а а останале нерешени 11 предмети.
Во текот на 2020 година поднесени се жалби против одлуки во 4 предмети.Вратени предмети по жалби-одлучени предмети со второстепени одлуки во 2020 година нема.

**2.МАЛВПЛ1-ТС -**На почетокот на 2020 година нема нерешени предмети. Во текот на 2020 година примени се 107 предмети , вкупно во работа биле 107 предмети од кои во 2020 година решени се 90 предмети, а а останале нерешени на крајот од 2020 година 17 предмети.
Во текот на 2020 година поднесени жалби против одлуки има во 27 предмети, Вратени предмети по жалби-одлучени предмети со второстепени одлуки во 2020 година има по 3 предмети и тоа потврдени се првостепените одлуки.

**3.ПЛ1-П-** На почетокот на 2020 година имало 12 нерешени предмети. Во текот на 2020 година примени се 5 предмети, , вкупно во работа биле 17 предмети од кои решени се 17 предмети . На крајот на 2020 година не останал нерешен предмет.
Во текот на 2020 година поднесени жалби имало против одлуки во 8 предмети, Вратени предмети по жалби-одлучени предмети со второстепени одлуки во 2020 година има по 313 предмети и тоа 12 предмети потврдени и 1 предмет укинат.

**4.МАЛВПЛ1-П-** На почетокот на 2020 година нема нерешени предмети. Во текот на 2020 година примени се 53 предмети, а вкупно во работа биле 53 предмети од кои во текот на 2020 година решени се 43 предмети, а останале нерешени 10 предмети.
Во текот на 2020 година поднесени жалби против одлуки има во 7 предмети , Вратени предмети по жалби-одлучени предмети со второстепени одлуки во 2020 година има по 1 предмет и тоа потврден.

На почетокот на 2020 година како нерешени платни налози по приговор имало 12 предмети, во текот на 2020 година примени се во работа вкупно 196 предмети, вкупно во работа биле 208 предмет од кои решени се 170 предмети, а останале нерешени 38 предмети.

**Сумарен преглед на движење на стопанските предмети за периодот јануари-декември 2020 година**

| Основен суд Кавадарци | Нерешени предмети на почетокот на 2020 година | Новопримени предмети во текот на 2020 година | Вкупно предмети во работа во 2020 година | Вкупно Решени предмети во 2020 година | Нерешени предмети | Обжалени предмети | Второстепени одлуки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стопански ТС, ТС1 и МалвТС | | 22 | 22 | 12 | 10 | 7 | 3 |
| Платни налози по приговор ПЛ1-П, ПЛ1-ТС МалвПл1-ТС МалвПл1-П | 12 | 196 | 208 | 170 | 38 | 46 | 17 |
| Стечај СТ | | 30 | 30 | 16 | 14 | | |
| ВКУПНО | 12 | 248 | 260 | 198 | 62 | 53 | 20 |

**8.Вонпарнични предмети (ВПП) – Семејни насилства(ВПП2)**

Во почетокот на 2020 година имало 3 нерешени предмети од областа на семејното насилство, Во текот на 2020 година примени се 19 предмети, вкупно во работа имало 22 предмети од кои решени се 20 предмети, а останале 2 предмети нерешени.

Во текот на 2020 година во жалбена постапка биле 2 предмети и истите се потврдени од страна на повисокиот суд.

**Движење на вонпарнични предмети-семејни насилства за периодот јануари-декември 2020 година**

| Вонпарнични предмети | Нерешени предмети на почетокот на 2020 година | Новопримени предмети во текот на 2020 година | Вкупно предмети во работа во 2020 година | Вкупно Решени предмети во 2020 година | Нерешни предмети | Обжалени предмети | Второстепени одлуки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Семејни насилства** | **3** | **19** | **22** | **20** | **2** | **2** | **2** |

Согласно изготвената табела на движењето на предметите кои се водат како семејни насилства, а кои предмети се заведени како вонпарнични во уписник ВПП 2 , јасно се гледа дека во 2020 година се завршени вкупно 20 предмети, односно времени мерки со решенија за сторени семејни насилства се изречени во вкупно 20 предмети во текот на 2020 година, а 2 предмети се водат како незавршени .

Во текот на 2020 година изречени се следните привремени мерки во предметите од семејни насилства:

1. **ВПП2 бр.73/19**

Со решение од 21.01.2020 година на Основен суд Кавадарци предлогот на предлагачот Јавна установа Меѓуопштински центар за социјални работи Кавадарци за изрекување привремена мерка, за заштита од семејно насилство се усвојува

На противникот, сторителот Д.Н. од Кавадарци му СЕ ИЗРЕКУВА привремена мерка за заштита од семејно насилство-задолжително лекување во ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, поради злоупотреба на алкохол , во траење од шест месеци, во кое се смета периодот од 01.12.2019 година откога лицето се наоѓа во оваа установа, заклучно со 01.06.2020 година.

Се задолжува противникот да ја почитува судската одлука.

Изречената привремена мерка, ќе ја спроведе Министерството за здравство

**2.ВПП2.бр.60/19 и**
**3.ВПП2 -61/209(спoени)**

Со решение од 17.02.2020 година на Основен суд Кавадарци предлогот на Г.М, како законски застапник на малолетните деца А.М и А.М од Кавадарци, поднесен преку полномшник адвокат Ж.А, да се изречат привремени мерки за заштита од семејно насилство со кои на извршителите на семејно насилство С.М и Д.К, ќе им се забрани да вршат семејно насилство, да малтертираат, вознемируваат, телефонираат, контактираат или на друг начин комуницираат со малолетните деца А.М.и А.М, им се забранува да се приближуваат на растојание помало од 100 метри до живеалиштето или определено место кое редовно го посетуваат малолетните деца АМ и АМ за период од една година, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

Предлогот на предлагачот С.М за заштита од семејно насилство на нејзините деца АМ и АМ, поднесен преку полномшник адвокат М.Г да се изречат привремени мерки за запирање насилството и тоа: да му се забрани на противникот Г.М да им се

закануав на малолетните деца дека ќе стори семејно насилство, да му се забрани да ги малтертира и вонземирува или на друг начин комуницира со нив со нејзин член на семејството директно или индиректно, како и да му се забрани да му се приближува на растојание помало од 100 метри од нејзиното живеалиште и работното место и било кое друго место на кое жртвата би се нашла, за времетраење од 1 година, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

**4.ВПП2.бр.5/20**

Со решение од 21.02.2020 година на Основен суд Кавадарци -се констатира дека предлогот на предлагачот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, за лицето жртва В.М, против противникот Д.А од Кавадарци, за издавање на привремени мерки за заштита од семејно насилство, **Е ПОВЛЕЧЕН.**

**5.ВПП2-6/20**

Со решение од 01.04.2020 година Основен суд – Кавадарци Предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство на предлагачот ЈУ МЦСР Кавадарци, за заштита на оштетената Е.Д, поднесен против противникот Т.П од Кавадарци се констатира дека е повлечен.

**6.ВПП2.бр.8/20**

Со решение од 01.04.2020 година на Основен суд Кавадарци Предлогот на предлагачот ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци, за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство за малолетната Н.А од Кавадарци, **се усвојува.**

**-се забранува** на противникот С.О да и се заканува на жртвата малолетната Н.А, дека ќе стори семејно насилство,

**-се забранува** на противникот С.О да ја малтретира и вознемирува,директно или индиректно жртвата - малолетната Н.А,

**-се забранува** на противникот С.О да се приближува до домот на семејството на малолетната Н.А на ул.Д.А.Г бб

**II. Се задолжува** противникот С.О. од Кавадарци да ги почитува погореизречените привремени мерки кои ќе траат за временскиот период од 6 /шест / месеци, сметано од денот на донесувањето на решението, 01-04-2020 година, па до истекот на рокот на ден 01.10.2020 година.

**III.** Извршувањето на изречените привремени мерки ќе го следи предлагачот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци и за текот на спроведувањето на мерките ќе го известува судот на негово барање.

**7.ВПП2.бр.10/20**

Со решение од 26.05.2020 година на Основен суд Кавадарци Предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство на малолетното дете Б.Ѓ поднесен од предлагачот ЈУМ Центар за социјална работа Кавадарци, **СЕ УСВОЈУВА.**

На противникот Т.Ѓ **МУ СЕ ИЗРЕКУВААТ** привремени мерки за заштита од семејно насилство на малолетното дете Б.Ѓ, а се однесуваат за малолетното дете и неговиот родител - мајката Б.Ѓ:

**- Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство и**

**- Забрана да ги малтертира, вознемирува, директно или индиректно.**

Изречените привремени мерки за заштита од семејно насилство према

противникот ќе траат три месеци, сметано од денот на донесувањето на ова решение.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** противникот да го почитува решението на овој суд, со кое се изречени привремените мерки за заштита од семејно насилство.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Центарот за социјална работа Кавадарци да го известува судот за текот и ефектот од извршувањето на изречените мерки.

**8.ВПП2-18/21**

Со решение од 29.06.2020 година на Основен суд Кавадарци Предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство, поднесен од предлагачите ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци и А.Т **СЕ УСВОЈУВА.**

На противникот Б.Д **МУ СЕ ИЗРЕКУВААТ** привремени мерки за заштита од семејно насилство, заради заштита од семејно насилство на предлагачот - жртва А.Т од Кавадарци:

**-Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство**

**-Забрана да ги малтертира, вознемирува, контактира, телефонира, директно или индиректно и**

**-Забрана да се приближува до сегашното живеалиште на предлагачот жртва А.Т на ул.П.М бр.- во К.авадарци.**

Изречените привремени мерки за заштита од семејно насилство према противникот ќе траат шест месеци, сметано од денот на донесувањето на ова решение.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** противникот да го почитува решението на овој суд, со кое се изречени привремените мерки за заштита од семејно насилство.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Центарот за социјална работа Кавадарци да го известува судот за текот и ефектот од извршувањето на изречените мерки.

**9. ВПП2.бр.20/20**

Со решение од 22.10.2020 година на Основен суд Кавадарци предлогот на предлагачот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадаци, за оштетената С.М од с.М. да бидат изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство, со кои на противникот Б.М. од с.М. ќе му биде забрането да се заканува дека ќе стори семејно насилство, да ја малтретира, да ја вознемирува, директно или индиректно лицето жртва и нејзиниот сопруг, како и да му се забрани да му се приближува на растојание помало од 100 м во домот во с.Манастирец, како и да поседува огнено или друго оружје, или доколку поседува истото да му биде одземено, **СЕ СМЕТА ЗА ПОВЛЕЧЕН.**

**10. ВПП2 бр.22/20**

Со решение од 08.07.2020 година на Основен суд Кавадарци
Предлогот на предлагачот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ИЗРЕКУВААТ** привремени мерки за заштита од семејно насилство и на противникот сторителот Б.М од Р.:

- му се забранува да се заканува дека ќе стори смејно насилство,

-да ја малтретира, вознемирува директно или индиректно неговата сопруга оштетената Б.М.

-задолжително лекување во ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, поради злоупотреба на алкохол.

Изречените привремени мерки ќе траат шест месеци, во кој се смета и периодот од 19.06.2020 година откога лицето се наоѓа во оваа установа, заклучно со 19.12.2020 година.

Се задолжува противникот да ја почитува судската одлука.

Изречените привремена мерка ќе ги спроведат Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство.

**11.ВПП2.бр.32/20**

Со решение од 06.08.2020 година на Основен суд Кавадарци **I.** Предлогот на предлагачот Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа на град Скопје, за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство за лицето Ж.С и детето М.С двајцата со престој во с. И.во Скопје, на ул. Ф. бр. 5, **се усвојува.**

**1.** На противникот Т.С од Кавадарци **му се изрекуваат** привремени мерки за заштита од семејно насилство и тоа:

**- му се забранува** на противникот Т.С да се заканува дека ќе стори физичко и психичко насилство врз сопругата Ж.С и детето М.С,

**- му се забранува** на противникот Т.С да врши психичко и физичко насилство врз сопругата Ж.С и детето М.С,

**- му се забранува** на противникот Т.С , да ги вознемирува, малтретира, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со сопругата Ж.С и детето М.С.

**- му се забранува** на противникот Т.С да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето каде ќе живее или на било кое место на кое жртвата Ж. С би се нашла,

**- му се забранува** на противникот Т.С да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето каде ќе живее или определено место на кое детето жртва М.С би се нашол,

- **му се наредува** на противникот Т.С задолжителна посета во Советувалиште за психосоцијален третман за сторители на семејно насилство при „Прв семеен центар на град Скопје “ со локација на ул. Ф.Р бр.-во Скопје.

**II. Се задолжува** противникот Т.С да ги почитува погореизречените привремени мерки кои ќе траат за временскиот период од 6 /шест/ месеци, сметано од денот на донесувањето на решението, 06-08-2020 година, па до истекот на рокот на ден 06-02-2021 година.

**III.** Извршувањето на изречените привремени мерки ќе го следи предлагачот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје и за текот на спроведувањето на мерките ќе го известува судот на негово барање.

**12.ВПП2-43/20**

Со решение од 30.10.2020 година на Основен суд Кавадарци предлогот на предлагачот Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи Велес ОВР Кавадарци , за изрекување привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, **се усвојува.**

Противникот Г.М од Кавадарци со стан на ул. Н.П бр.- **се отстранува** од неговиот дом на ул. Н. П. бр.- во Кавадарци и **му се забранува** да се приближува до домот на ул. Н. П бр.- во Кавадарци.

Привремената мерка ќе трае 30 дена, сметано од денот на донесување на одлуката 30-10-2020 година а заклучно со 29 -11-2020 година.

**Се задолжува** противникот да ја почитува судската одлука.

Изречената привремена мерка за заштита, ќе ја изврши предлагачот, Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи Велес ОВР Кавадарци.

**13.ВПП2-44/20**

Со решение од 09.11.2020 година на Основен суд Кавадарци предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство на малолетните деца А.Х, С. Х, Р. Х, С Х и Е. Х од Кавадарци, поднесен од предлагачот ЈУМ Центар за социјална работа Кавадарци, **СЕ УСВОЈУВА.**

На противникот С.Х од Кавадарци **МУ СЕ ИЗРЕКУВААТ** привремени мерки за заштита од семејно насилство на малолетните деца А.Х, С. Х, Р. Х, С. Х и Е. Х, а се однесуваат за малолетните деца и нивниот родител - мајката И. Р:

**- Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство и**

**- Забрана да ги малтертира, вознемирува, директно или индиректно.**

Изречените привремени мерки за заштита од семејно насилство према противникот ќе траат шест месеци, сметано од денот на донесувањето на ова решение.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** противникот да го почитува решението на овој суд, со кое се изречени привремените мерки за заштита од семејно насилство.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Центарот за социјална работа Кавадарци да го известува судот за текот и ефектот од извршувањето на изречените мерки.

**14.ВПП2-45**

Со решение од 16.12.2020 година на Основен суд Кавадарци предлогот на предлагачот ЈУ Међуопштински центар за социјална работа Кавадарци, **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ИЗРЕКУВААТ** привремени мерки за заштита од семејно насилство со тоа што на противникот Г.М од Кавадарци :

- му се забранува да се заканува дека ќе стори семејно насилство, и
- му се забранува да ги малтретира, да ги вознемирува, директно и индиректно своите малолетни деца Т. М, А. М и М. М, со кои живее во семејна зедница на ул.,,Н.П.,, бр.-.

Привремените мерки ќе траат 3 месеци, сметано од денот на донесување на решението - од 16.12.2020 година заклучно со 16.03.2021година.

Се задолжува противникот да ја почитува судската одлука.

Извршувањето на изречените мерка од ст.2 ќе го следи ЈУМеѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци.

**15.ВПП2-46/20**

Со решение од 17.11.2020 година на Основен суд Кавадарци Предлогот на предлагачот Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи Велес ОВР Кавадарци , за изрекување привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, **се усвојува.**

Противникот С. Д од Кавадарци со стан на ул. Б.Х.Т. бр. - , **се отстранува** од неговиот дом на ул. Б. Х.Т бр. - и **му се забранува** да се приближува до домот на ул. Б. Х .Т бр. - во Кавадарци.

Привремената мерка ќе трае 30 дена, сметано од денот на донесување на одлуката 17-11-2020 година а заклучно со 16 -12-2020 година.

**Се задолжува** противникот да ја почитува судската одлука.

Изречената привремена мерка за заштита, ќе ја изврши предлагачот, Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи Велес ОВР

Кавадарци

**16.ВПП2.бр.47/20**

Со решение од 18.12.2020 година на Основен суд Кавадарци Предлогот на предлагачот ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци, **се усвојува.**

**1. Се изрекува** привремена мерка за заштита од семејно насилство спрема противникот-сторителот М.Р од Кавадарци и тоа:

-задолжително лекување во Јавна здравствена установа -Психијатриска болница Негорци Гевгелија , поради психичко заболување, во траење од шест месеци во кој е засметан и периодот поминат во установата а пред изрекување на мерката и тоа сметано од 04-10-2020 година па мерката да трае заклучно со 04-04-2021 година

**2. Се задолжува** противникот М.Р. од Кавадарци да ја почитува судската одлука.

**3.** Изречената привремена мерка, ќе ја спроведе Министерството за здравство .

**4.** Евентуално вложената жалба не го задржува извршувањето на решението.

**17.ВПП2.бр.49/20**

Со решение од 03-12-2020 година на Основен суд Кавадарци

Предлогот поднесен од предлагачот Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци за лицето Т. М од Кавадарци со кој се бара на противникот Г. М од Кавадарци да му бидат изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство и тоа -забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство и забрана да малтретира, вознемирува, директно и индиректно и привремените мерки за заштита да се однесуваат и на двете малолетни деца Ангел и Моника Маневи, **се отфрла.**

**18.ВПП2-50/20**

Со решение од 28.12.2020 година на Основен суд Кавадарци Предлогот на предлагачот ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ИЗРЕКУВА** привремена мерка за заштита од семејно насилство и противникот сторителот С.Ч од Кавадарци, со живелиште на ул.,,Б. Џ,, бр.- во Кавадарци се упатува на:

-задолжително лекување во ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, поради злоупотреба на алкохол.

Изречената привремена мерка ќе трае 6-шест месеци, сметано од денот на донесување на решението од 28.12.2020 година, заклучно со 28.06.2021 година.

Се задолжува противникот да ја почитува судската одлука.

Изречената привремена мерка ќе ја спроведи Министерството за Министерството за здравство.

Трошците за назначениот привремен старател на противникот во износ од 4.680,00 денари паѓаат на товар на предлагачот.

Предлогот на предлагачот изречената привремена мерка од ст.2 од изреката на решението да трае уште 6 месеци (вкупно една година од донесувањето на решението), **се одбива како неоснован.**

**19.ВПП2-51/20**

Со решение од 23.12.2020 година на Основен суд Кавадарци Предлогот на

предлагачот Министерство за внатрешни работи, ПС од Општа Надлежност Кавадарци, за изрекување привремена мерка за заштита - забрана за приближување до домот и до работното место каде што работи пријавителката Јасмина Николова, **СЕ УСВОЈУВА**.

На противникот Ж.С од Кавадарци, **МУ СЕ ЗАБРАНУВА** да се приближува до домот на Ј.Н на ул. „П. Д“ бр.- во Неготино и нејзиното работно место спортска обложувалница Златна Копачка, лоцирана на ул. -

Привремената мерка ќе трае 30 дена, сметано од денот на донесување на одлуката 23.12.2020 година, заклучно со 23.01.2021 година.

**Се задолжува** противникот да ја почитува судската одлука.

Изречената привремена мерка за заштита, ќе ја изврши предлагачот, Министерство за внатрешни работи, ПС од ОН Кавадарци.

**20.ВПП2-53/20**

Со решение од 28.12.2020 година на Основен суд Кавадарци предлогот на предлагачот Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, НК за КР за ОВР Неготино, за изрекување привремена мерка за заштита - забрана да се приближува на растојание до 100 метри до жртвата и живеалиштето, **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА**.

На противникот Ж.С од Кавадарци, **МУ СЕ ЗАБРАНУВА** да се приближува на растојание од 100 метри до жртвата Ј. Н. од Неготино.

Привремената мерка ќе трае 30 дена, сметано од денот на донесување на одлуката 28.12.2020 година, заклучно со 27.01.2021 година.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** противникот да ја почитува судската одлука.

Изречената привремена мерка за заштита, ќе ја изврши предлагачот Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, НК за КР за ОВР Неготино.

Предлогот на предлагачот Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, НК за КР за ОВР Неготино, за изрекување привремена мерка за заштита, со која да му се забрани на противникот да се доближува до живеалиштето - домот на жртвата .Ј.Н, на ул. „П.Д бр.- во Неготино, **СЕ ОТФРЛА.**

Раководител на служба
Сузана Димкова